Бр./Nr 12-2112/2

15-11-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведенена под број 12-2112/1 од 01.08.2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број 12-2112/1 од 01.08.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 01.08.2024 година, доставена е пријава од подносител правното лице „--- -- --", со наводи за нелојална конкуренција при вршење на дејноста за погребални услуги на територијата на Општина Охрид при што оформен е предмет број 12-2112/1 од 01.08.2024 година.

Подносителот во пријавата истакнува дека за конкретниот предметен случај од страна на лица вработени во итната медицинска помош при ------- --- ------ биле прекршени одредбите од Законот за гробишта и погребални услуги ( „Службен весник на РСМ" бр.136/13) односно прекршување на член 22 став 4 од споменатиот Закон.

По разгледувањето на предметните наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека пријавените дејства не се во надлежност на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапување на ДКСК согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Воедно по пријавените наводи ДКСК веќе има постапено по пријави од истиот подносител со исти односно слични наводи и има донесено одлука од своја надлежност на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година со број 12-12-929/3 од 26.07.2024 година, која е објавена на веб страницата на ДКСК, а до подностелот доставено е известување на 26.07.2024 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk